РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1727/1
10-06-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 19-тата седница одржана на 02.06.2025 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-3151/1 од 16.12.2024 година, со наводи за несоодветно постапување на надлежните органи во случаи на семејно насилство, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема надлежност за постапување во предметниот случај.

Предметот со број 12-3151/1 од 16.12.2024 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител на ден 16.12.2024 година, поднесена е пријава со наводи за несоодветно постапување на надлежните органи во случаи на семејно насилство, и оформен е предмет број 12-3151/1 од 16.12.2024 година.
Во пријавата подносителот, мајка на четири деца, наведувајќи дека е жртва на семејно насилство, наведува дека социјалните служби и полицијата постапуваат во корист на вршителот на семејното насилство, без да ѝ обезбедат соодветна заштита. Од структурата и содржината на пријавата не произлегуваат јасни наводи кои упатуваат на конкретни настани, на постапки во рамки на надлежни институции или на конкретни службени лица. Подносителот на пријавата бара ДКСК да го расчисти случајот и бара паричен надомест на штета.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК утврди дека во пријавата нема доволно податоци со кои би се конкретизирале пријавените наводи. Воедно, во пријавата станува збор за наводи кои не се предмет на надлежно постапување на

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК. Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик - претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изготвил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш., член на ДКСК